**ПОНУДА ЗА ОТКУП**
**НА ОБИЧНИ АКЦИИ ИЗДАДЕНИ ОД ИНВЕСТБАНКА АД СКОПЈЕ**

Согласно Законот за преземање на акционерски друштва, **Steiermärkische Bank und Sparkassen AG**, Sparkassenplatz 4 8010 Graz Austria, објавува

# П О Н У Д А

**за откуп на 254.362 обични акции со право на глас издадени од**
**ИНВЕСТБАНКА АД СКОПЈЕ**

Понудата се однесува на сите акционери кои поседуваат акции со право на глас издадени од ИНВЕСТБАНКА АД СКОПЈЕ. Понудувачот се обврзува да ја купи секоја акција со право на глас, во согласност со пропишаните и објавените услови.

Цената по која Steiermärkische Bank und Sparkassen AG се обврзува да ги откупи акциите изнесува 9.258,00 денари по акција.

Најмалата количина на обични акции издадени од ИНВЕСТБАНКА АД СКОПЈЕ, која треба да биде прифатена за понудата за откуп да се смета за успешна е 170.423 обични акции со право на глас односно 67% од вкупниот број на акции на кои се однесува понудата за откуп .

Рокот за прифаќање на понудата за откуп изнесува 20 денови. Рокот за прифаќање на понудата за откуп почнува да тече од денот на првото објавување на Извадокот од проспектот и Понудата за откуп, односно од 18.08.2008 година и завршува на 06.09. 2008 година.

Рокот за прифаќање на понудата за откуп се продолжува за 14 дена доколку најмалата количнина на обични акции која треба да биде прифатена за понудата за откуп да се смета за успешна се исполни во последните 14 дена од рокот за прифаќање на понудата.

Во согласност со Договорот за вршење услуги во постапката за превземање на акционерското друштво ИНВЕСТБАНКА АД СКОПЈЕ склучен меѓу Steiermärkische Bank und Sparkassen AG и Централниот Депозитар за хартии од вредност, понудувачот ќе го префрли износот потребен за исплата на акционерите кои ги дале нивните акции на Понудата за откуп на понудувачот согласно со условите на Проспектот во рок од 3 дена по приемот на Решението од Комисијата за хартии од вредност за успешноста на понудата за откуп на посебна сметка на Централниот депозитар за хартии од вредност.

Централниот депозитар за хартии од вредност е должен во рок од 3 дена по депонирањето на средствата неопходни за исплата на акционерите кои валидно ги понудиле акциите на понудувачот во согласност со Понудата за преземање да изврши пренос на износот на сметките на сопствениците кои ја прифатиле понудата за преземање.

**STEIERMÄRKISCHE BANK UND SPARKASSEN AG**
**Овластен претставник**
**Herbert Bachner**